НОВА МАКЕДОНИЈА

ЛИК

Кога се брише правот од збор

ОРДЕ ПЕТЛЕВСКИ: РЕТРОСПЕКТИВА ПОСТ-МОРТЕМ

# Низ срцевината на архиисконот

ОГНЕН БОЈАЏИСКИ

Тивко и нечујно, скоро безгласно, вратите на Кловиќеви Двори се затворија таа неделна вечер, одново скривајќи го творечкиот опус на Орде Петлевски од очите на јавноста, кој скоро триесетина дека ги одушевуваше бројните посетители и љубители на уметноста (изложени над 300 слики). Тивко и нечујно пред две години замина во вечноста и самиот тој. Впрочем тивко и нечујно траеше, создаваше и опстојуваше оставајќи зад себе дело што како вулканска магма лизга по земјината површина, твори невидени и волшебни творби, оставајќи го видливото како семантички знак на светото тројство на постоењето: Зборот, Звукот и Цртежот.

Комплиментите што беа искажани на отворањето на изложбата „класик на хрватската уметност“ (Б.Бишкупиќ) и „пренесените фантазмагории на изгубениот рај од неговото родно и готово митско Мало Мраморане... го вбројуваат во оние заеднички духовни проткајувања кои несомнено треба да го заземаат она место што во историската смисла им го придаваме на Ј.Ј. Штросмаер и Браќата Миладиновци или пак Кочо Рацин и неговите „Бели Мугри“ (Д. Димитров), ја надминуваат сопствената куртоазија на мигот, насочувајќи го идното време кон една поинаква духовност и културна реинтеграција во која и не само Орде Петлевски ќе треба одново да си го заземат она место што како на вонредни самозатајни и недокрај исчитани творци им припаѓа во современата и идна културна историја на Европа.

### ПАТУВАЊЕ НА ЗВУКОТ

Впрочем човековото творештво ретко ја доживувало својата валоризација во времето на создавањето (жално и трагично), обично доаѓале некои други, поинакви времиња или време, кога наместо проспективното вреднување насталувало ретроспективното: исчитување и препрочитување на она што било, што можело да биде или пак што останало да биде духовно и културно богатство како траен белег, како златен број или пак творештво што ја надминало темпоралноста, станало мегалит.

Во тоа бескрајно патување на Звукот, Зборот и Цртежот, Орде Петлевски со тивкиот но неизбришив траг на својот творечки дух, низ виртуозноста на танцот на боите и линиите, низ себеоткривањето од „длабините“ на Мало Мраморане и Пелагонија, со маѓепсаноста на боите на вулканската лава што ги заплискувала бреговите на древната земја на Пелзагите и окаменувала на рабовите на Медведница во Панонското море, ни дарувал еден исконски живот без кој би биле, ако ништо друго посиромашни за уште една легенда или мит што сѐ тоа космогониски тајни.

Ликовната критика уште за животот му подари на Орде од Мало Мраморани, вредни и достојни оценки и судови, ценејќи ја и високо оценувајќи ја неговата изворност, оригиналност и уникатност, се разбира и неговото мајсторство. И тоа, колку што е познато, тој го примаше како нешто природно и сосема наместо. Не крчмеше и, што сега помалку му се осветува, не ја комерцијализираше својата козмогонијска тајна. Неговите архиискони беа љубоморно чувани како соларни деца на Амон Ра, не од очите на љубителите на уметноста туку од трговците и препродавачите. Можеби затоа и не излагаше така често, а кога излагаше беа тоа празници за очите и духот, за убавината на една збитната небиднина што така таинствено, скоро сатурновски, ја чуваше длабоко закопана во себе.

Без претензии за било каква ликовна валоризација или суд, туку едноставно за право на збор по повод едно необично, невидено и самозатајно творештво, и овој пат ќе го поставиме логичното и прагматичното прашање: од каде тоа Цвеќе, тие бои, тој дух?

Цветовите на тоа разгрането стебло, како и сите цветови имаат свои длабоки и неизматени корени. Каде се корените на цвеќето што ни го распостила Орде Петлевски, се прашувавме вчера се прашуваме денес и ќе сѐ прашуваме утре? За локацијата на тие корени на свој начин, низ јунакот Јоја, од романот „Заставе“ во скопските писма на Ленка Женчева, позборувал големиот маг на хрватскиот збор Мирослав Крлежа, одамна:

– „Имено има овде, по оваа несреќна земја, минијатурни базилики, скриени по планинските гудури, по зафрелните врлети, каде што ѓаволот рекол добра ноќ, и не би помислил човек колку овој примитивен свет, соѕидал божји храмови. Тоа се „задужбини“ на македонските барони, и овде, крај Скопје, десетина километри нагорно по Треска (а Треска е див, алпски торенто, што жубори лудо во мрачниот кањон) високо над водените огледала, педесетина метри, на козја патека, врз ридот, стои црквичката Свети Андреа и тука се искачивме минатата недела, а беше вредно да се види тоа чудо, цуриосум мунди од времето на Треценто... Тоа што можевме да го видиме на оној ветер, снег, од дожд измиена со кандила, воштеници и кал од чавки и лилјаци изгнасена, чадна и изгребана карпа, беше визија на последната ноќ на Исус во Гетсеман. Значи пред седумстотини години по оваа иста козја врвица над оваа драматично опасна водурина, што струи долу длабоко, се искачила дружба на некакви сликари, можеби еден единствен, осамен мајстор, можеби двајца, мајстор и калфа, и тука покрај оваа песна на ветерот и крикот на водата, тие се искачиле по скелите и сликале во овој мрак, во оваа осама, среде ова грозоморно македонско ноктурно. Биле сликари, биле уметници, биле интелектуалци“.

Духовниот код на митската пелагониска сфинга, сѐ уште неоткриена и декодирана, низ Орде од мало Мраморане, така допатувал и во Загреб за да ги раскрили своите цветови-мегалити. Овде со својата изворна душа и дух, тој ги совладал и надвладеал изучените вештини и благодарејќи на својот духовен и неоткриен ментор, станал мајстор хонора цауса.

> Од 19 мај до 20 јуни во репрезентативната галерија „Кловиќеви двори“ беше одржана единствената ретроспективна пост-мортем изложба на големиот Орде Петлевски, која од Загреб ќе се пресели на есен во Скопје



### ДУХОВНО СОЗДАВАЊЕ НА ЧОВЕКОТ

Меѓу оние што првично ќе го откриваат тој спиритус е Игор Зидиќ, Јаша Денегри, Тонко Маровиќ, Грга Гамулин и бројни други ликовни и естетски критичари и мајстори. Тие вокабуларни разоткривања на неговиот цртеж остануваат библиографски единици од несомнено значење за едно творечко вјерују и патување кон вечноста, од неговата прва ретроспективна изложба во Уметничкиот Павилјон 1973, преку онаа во Домот на културата на Трешњевка 1978 г. потоа Извонредната Монографија што ја издаде Матицата Хрватска и Друштвото на историчарите на уметноста на Хрватска (1990 г.) од перото на ликовниот маг д-р Грга Гамулин, па сѐ до опсежниот и богат Каталог за изложбата во Кловиќеви двори што го подготвија Желимир Кошчевиќ, Тонко Маровиќ, Валентина Димитриевска и Сибила Петлевска на хрватско-македонски-англиски јазик.

Архисконите на Орде од мало Мраморане, што од Загреб и преку Загреб блеснаа и се распослаа низ светот, правејќи од него европско и светско име, без малициозности треба да евидентираме дека во духовниот лабиринт на овој извонреден мајстор оставија и една недоискажана болка: имаше чувство дека житородната Пелагонија не го даруваше со иста божја милост како другите. Дали не знаеше да му се приближи, или пак несоумеа, или... Ни прв, ни последен пат во историјата на односите меѓу вонредните творци и крајбрежијата од каде што го откриле мајчиното млеко.

Што може да се стори пост-мортем? Многу, ако се сака, знае и умее, и ништо ако се чека, смислува и домислува. Духот и душата имаат и срце и тело, и ако тие не патуваат заедно низ времето и просторот, тогаш единствениот спас е во реинкарнацијата на новите генераци, кои без предрасуди, со други визии и судови ќе знаат да го ценат творештвото и да ги присвојуваат вистинските вредности независно од тоа каде се родиле, што создавале и кому му припаѓаат. Зошто да го цитираме Херберд Рид „Историјата на културата не е ништо друго туку историја на духовното создавање на човекот“ а таа историја е универзална и козмогонијска.